**20220670776**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАТИЧЕН БРОЈ (*)

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за матичен број (*),
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 16 март 2022 година.

Бр. 08-1273/1
16 март 2022 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАТИЧЕН БРОЈ ([*])

Член 1

Во Законот за матичен број („Службен весник на Република Македонија“ број 137/13 и 55/16), во член 12 во ставот 1 по првата реченица се додава нова реченица, која гласи:

„Решението може да се издаде и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на граѓанинот на Националниот портал за електронски услуги или преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на граѓанинот, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Член 2

Во член 13 во ставот 1 по првата реченица се додава нова реченица, која гласи:

„Решението може да се издаде и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на граѓанинот на Националниот портал за електронски услуги или преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на граѓанинот, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи електронската идентификација и доверливите услуги.“.

---

[*] Со овој закон се врши усогласување со Регулативата (ЕУ) бр. 910/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 23 јули 2014 година за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции на внатрешниот пазар и за укинување на Директива 1999/93/ЕЗ CELEX бр.32014R0910

Член 3

Во член 16 по зборовите: „службена должност,“ се додаваат зборовите: „односно преку Националната платформа за интероперабилност, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги“.

Член 4

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 5

Подзаконските прописи донесени врз основа на Законот за матичен број („Службен весник на Република Македонија“ број 137/13 и 55/16), ќе се усогласат со одредбите од овој закон во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 6

Одредбите од членовите 1, 2 и 3 од овој закон, со кои се дополнуваат член 12 став 1, член 13 став 1 и член 16 од Законот за матичен број („Службен весник на Република Македонија“ број 137/13 и 55/16), престануваат да важат со денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2023 година.